Поднесено до Основен Суд   Битола 05/072007год. примено на 18/07/2007 год.

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА & ЗАШТИТА
НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

1000 Скопје

Д-р В. П., Адвокат А. Т., Адвокат Д. С., Адвокат

**ДО**
ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
БИТОЛА

**ТУЖИТЕЛ**: AB Electrolux,
Goransatan 143 SE-105 45 Stocholm(SE)

Преку полномошник Д-р В. П.Адвокат, Скопје

**ТУЖЕН:** Друштво за производство и трговија на големо и мало услуги, спорт и коопсрација ЕЛЕКТРОЛУКС ДООЕЛ ул Браќа Мингови бр 18 Битола

**ОСНОВ:** Повреда на право од трговска марка Акт на нелојална конкуренција

**ВРЕДНОСТ:** 40.000 денари

## Т У Ж Б А од тужителот преку пономошник

Тужителот е светски реномирана фирма и водечки производител на електрични апарати и аиарати за домаќинство кои се препознатливи по својот квалитет.

За територија на Република Македонија тужителот има регистрирано и е носител на следните трговски марки: ELECTROLUX со регистарски број 03983 од 28.08.1993 за класи 07, 08, 09, 11, 17. 20, 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги, ELECTROLUX со регистарски број 03982 од 25.08.1993 година за класи 03, 07, 09. 11, 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги; ELECTROLUX ICON со рсгистарски број ИР 828253 за класи 03, 07, 08," 09, 11, 21, 25. 35, 37, 39 од Меѓународната класификација на производи и услуги

**ДОКАЗ:** Потврди за регистрирани трговски марки
Извод од гомарин на светската организација за интелектуална сопственост
за регистрираната трговска марка со број ИР 828253

Како носител на регистрираните трговски марки тужителот ; **согласно член 149 став 1 од** Законот за индустриска сонственост **има ИСКЛУЧИВО право да ги користи трговските марка во прометот за означување на своите стоки односно услути. Согласно став 2 точка 2 и 3 од истиот член носителот на трговската марка има право да забрани користење во прометот од страна иа трети лица без негова согласност знак кој ... е идентичен или сличен со трговската марка за идентични или слични производи или доколку таквата сличност може да го доведс во заблуда нросечииот иотрошувач, вклучитслно и можноста од асоцијација мегу знакот и трговската марка или пак знак кој се користи за различни производи и услуги доколку употребата на тој знак е нелојална конкуренција односно му штети на дистинктивниот карактер на трговската марка...**

Сакаме да истакнеме дека на Македонскиот Пазар тужителот е присутен со своите производи повеќе од 15 години . Долгогодишната присутност на Македонскиот Пазар, континуираното рекламирање на производите означени со трговските марки како и обемот во кој се присутни на пазарот несомнено ги прави трговските марки и производите означени со нив препознатливи кај просечниот потрошува и како производи со препознатлив и стандарден висок квалитет. Напреднаведеното прави трговските марки на тужителот да имаат стекнато статус на **ДОБРО ПОЗНАТИ** трговски марки и како такви да уживаат **ПОСЕБНА ЗАШТИТА** согласно член 6-бис од Париската конвенција и член 127 став 3 и 4 од Македонскиот Закон за Индустриска Сопственост.

Меѓутоа, тужениот **без никаква дозвола од тужителот за користење на името и трговската марка** на тужителот, ELECTROLUX, регистрирал во Република Македонија, користи и се промовира под домеин име е www.electrolux.com.mk

**ДОКАЗ:** Извод од регистарот на Марнет

Со регистрацијата на домеин име кое е идентично како името и трговските марки на тужителот, а без притоа да се добие дозвола или согласност, односно, без да се склучи договор за лиценца со тужителот за користење на името ELECTROLUX - неспорно произлегува дека тужениот го повредил правото на тужителот од заштитената трговска марка што тужителот го ужива согласно претходно цитираните член 149 и член 127 од Законот за индустриска сонственост и член 6-бис од Парискатa конвенција.

Уште повеќе, сакаме да нагласиме дека намерата на тужениот да ги доведе во заблуда просечните потрошувачи станува поочигледна ако се земе во предвид дека преку домеин името electrolux.com.mk тужениот е ирисутен на интернет при што истиот е достапен не само на домашните туку и на странските потрошувачи. Напреднаведеното несомнено значи дека секој заинтересиран купувач кој преку интернет портал ќе пребарува за да ја најде понудата и да ги види производите на тужителот ќс го најде и домеин името и веб сајтот на тужениот. Поради тоа што ELECTROLUX е светски позната трговска марка очекувано е просечниот потрошувач да помисли дека www.electrolux.com.mk е домеин име на тужителот и дека тужителот е тој којшто се регистрирал со наставка .com.mk, а производите и услугите од овој сајт се добропознатите производи на тужителот.

**Доколку се посети сајтот на тужениот,** www.electrolux.com.mk **, ќе се увиди очигледната намера на тужеиииот зашто името** ELECTROLUX **и трговската марка** ELECTROLUX **е прикажана како ознака на самиот тужен. Видно од веб сајтот јасно е дека тужениот СВЕСНО и намерно го злоупотребува трговското име и трговските марки на тужителот, намерно го прикажува како свое при што ги доведува во заблуда просечните потрошувачи, а со тоа континурано прави повреда на правата кои произлегуваат од трговските марки на тужителот. Уште повеќе видно од веб сајтот на тужсниот истиот се промовира под името** Electrolux **дури на** 8 различни светски јазици **што несомнено го прави достапен на потрошувачите од целиот свет.**

Исто така сакаме да истакнеме дека видно од доставените докази тужениот е фирма која е во истиот бизнис како и тужителот, а на пазарот нуди производи како и производите кои ги нуди самиот тужител. Видно пак од сајтот на тужениот, начинот на кој го има испишано името на тужителот на сајтот, производите кои ги нуди и застапеноста на името на сајтот, произлегува дека тужениот несомнено ЗНАЕ, односно МОЖЕЛ да знае кој е тужителот, што нуди тужителот, која ознака и трговски марки ги користи тужителот како и што значи и што гарантира името и трговските марки на тужителот на пазарот.

Оттука, со регистрацијата на името www.electrolux.com.mk , со промоцијата која ја прави тужениот преку својот сајт како и со злоупотребата на трговската марка Electrolux и прикажувањето на името Electrolux како свое име, тужениот сторил и акт на нелојална конкуренција согласно член 12 од Законот Против Нелојалната Конкуренција.

Закон Против нелојална Конкуренција **Имено член 12 од наведениот закон изрично предвидува дека... на тој што во деловното работење користи фирма или некоја посебна ознака за својот деловен потфат НА НАЧИН КОЈ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА ЗАБУНА ВО ЈАВНОСТА во врска со фирмата или посебната ознака што законито ја користи некој друт, ќе му се забрани таквиот начин на користење. Став 2 од наведениот член јасно истакнува дека ... тој којшто ја предизвикал забуната, одговара за штстата која му ја предизвикал на оштстениот, АКО ЗНАЕЛ ИЛИ МОРАЛ ДА ЗНАЕ дека со таквиот начин иа користење може да предизвика забуна во јавноста...**

Во конкретниов случај непобитен факт е дека тужениот знаел кој е тужителот и што значи името на тужителот на пазарот, но сепак извршил регистрација на www.electrolux.com.mk и континуирано преку овој сајт дури на осум светски јазици се промовира себеси под името Electrolux. Согласно напреднаведеното несомнено е дека тужениот може да предизвика забуна во јавноста дека истиот е составен дел, односно деловна единица на тужителот, дека е преставник на тужителот за Македонија, а името и трговските марки како и сета промоција која ја прави во Република Македонија под името Electrolux ја прави во согласност или договор со тужителот како единствен носител трговски марки ELECTROLUX

На крај сакаме да истакнеме дека регистрацијата на www.electrolux.com.mk е во спротивност со одредбите од Правилникот за регистрација на домеин име на Марнет. Имено во член 20 од правилникот е јасно предвидено дека **.. Називот на доменот не смее на корисникот да му овозможува лажно присвојувањс на идентитетот на трети лица и дека . . називот на доменот не смее да биде еднаков со заштитен жиг, име и сл., освен ако подносителот на барањсто за регистрација - корисникот на доменот е сопственик на заштитниот жиг, име и сл.**

ДОКАЗ: **Извод од правилникот на Марнет**

Во овој контекст сакаме да истанеме дека; член **6** од одредбите од Постојаниот комитет за закон за трговски марки, идустриски дизајн и географски ознаки, а кои се однесуваат за заштитата на добропознатите трговски марки (Овие одредби се прифатени и имплементирани и од страна на Република Македонија и како такви се дел од македонското законодавство) јасно укажуваат дека ќе се смета дека домеин името е во конфликт со добропозната трговска марка **кога домеин името или негов суштински дел преставува репродукција превод или транслитерација која создава забуна со познатата трговска марка и таквата употреба на домеин името ќе преставува нелојална конкуренција на дисистиктивниот карактср на добро познатата трговска марка.** Согласно истиот член сопственикот на добропознатата трговска марка може да бара пренос или поништување СО СУДСКА ОДЛУКА на така регистрираната трговска марка.

**ДОКАЗ:** Извадок од одредбите на постојаниот комитет за закон за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки на Светската организацина на интелектуална сопствсност

Во овој конкретен случај јасно е дека тужениот не е сопственик на заштитена трговска марка и дека очигледно со регистрацијата, а видно и од самата содржина на веб сајтот настојува да го присвои идентитетот на тужителот.

Поради горенаведеното му предлагаме на Насловниот суд да закаже усна главна и јавна раснрава и после изведувањето на доказите да ја донесе следната:

# П Р Е С У Д А

**1.СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот во целост

**2.СЕ УТВРДУВА** дека тужениот му го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговските марки ELECTROLUX со регистарски број 03983 од 28.08.1993 за класи 07, 08, 09, 11, 17, 20, 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги, ELECTROLUX со рсгистарски број 03982 од 25.08.1993 година за класи 03, 07, 09, 11, 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги; E ELECTROLUX ICON со регистарски број 828253 за класи 03, 07. 08. 09, 11, 21, 25, 35, 37, 39 од Меѓународната класификација на производи и услуги

**3.СЕ УТВРДУВА** дека тужениот сторил дело на нелојална конкуренција користејки туѓа посебна ознака - домеин име www.electrolux.com.mk

**4.СЕ ЗАБРАНУВА** тужениот да ја користи трговската марка на тужителот, да го користи домеин името www.electrolux.com.mk да нуди производи и услуги означени со трговската марка на тужителот, а особено да нуди производи и услуги и да се промовира користејќи го името, домаин името www.electrolux.com.mk , логото и трговските марки на тужителот ELECTROLUX со регистарски број 03983 од 28.08.1993 за класи 07, 08, 09, 11. 17. 20, 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги, ELECTROLUX со регистарски број 03982 од 25.08.1993 година за класи 03, 07, 09, 11, 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги; E ELECTROLUX ICON со регистарски број 828253 за класи 03, 07, 08, 09, 11, 21, 25, 35, 37, 39 од Меѓународната класификација на производи и услуги.

5.**СЕ ЗАДОЛЖУ ВА** тужениот да му го пренесе регистрираното домеин име www.electrolux.com.mk на тужителот во рок од 15 дена по правосилноста на оваа пресуда и да трпи промена во Регистарот на домеин имиња кој се води од страна на македонската академска истражувачка мрежа МАРНЕТ, како организациона единица во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, под страв на присилно извршување.

6. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот ио правосилноста на пресудата, да ја објави истата на свој трошок во дневниот печат, и тоа во весникот: "Дневник" како и на А1 Телевизија пред Дневникот во 19:00 часот како и на официјалниот Веб сајт на македонскиот регистратор на интернет поддомени МАРНЕТ што како организациона единица се води при универзитет Кирил и Методиј.

**7.СЕ ЗАДОЛЖУ ВА** тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците по оваа постапка, по приложен трошковник, и тоа во рок од 15 дена по доставувањето на оваа пресуда.

За тужитсл - полномошник
Др. В. П. Адвокат

# ПОСЕБЕН ПРЕДЛОГ ! ! !

**II.**

**ПРЕДЛОГ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНАМЕРКАЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕПАРИЧНО ПОБАРУВАЊЕ**

Неспорно е дека тужителот-доверител е носител на правото и сопственик на регистрираните трговски марки ELECTROLUX со регистарски број 03983 од 28.08.1993, ELECTROLUX со регистарски број 03982 од 25.08.1993 година; ELECTROLUX ICON со регистарски број 828253.

Исто така неспорно е дека тужителот е е светски реномирана фирма и водечки производител на електрични апарати и апарати за домаќинство кои се препознатливи по својот квалитет поради што и неговите трговски марки уживаат статус на добропознати трговски марки, а неговото име е општопознато во целиот свет.

Меѓутоа неспорен факт е и дека тужениот-должник користејќи го бесправно името и трговската марка на тужителот - регистрирал домеин име www.electrolux.com.mk Воедно тужениот-должник го промовира наведениот домеин како свој, истиот е активен, го користи и настапува со него во правниот промет, а особено рекламирајќи се во светски рамки преку својот сајт на интернет ги доведува во заблуда просечните потрошувачи дека се работи за Веб сајт на тужителот, дека се работи за производи на тужителот и дека се работи за услуги на тужителот со што му се нанесува ненадоместлива штета. Тоа практично значи дека секој просечен потрошувач - посетител на веб сајтот на тужениот www.electrolux.com.mk веднаш штом ќе го забележи светски препознатливото име ELECTROLUX истиот веројатно е да помисли дека се работи за светски познатите производи на тужителот, да стапи во контакт и да изврши нарачка од тужениот.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, тужителот-доверителот ја стори веројатна, односно ја докажа и опасноста дека без ПРИВРЕМЕНА МЕРКА остварувањето на побарувањето ќе се осуети или значително отежне, а сторил веројатно и докажал дека мерката е потребна за да се спречи настанување на ненадоместлива штета. Доколку не биде изречена предложената привремена мерка, повеќе од веројатно е дека тужениот-должникот ќе продолжи со користење на домеин името www.electrolux.com.mk а со тоа ќе биде предизвикана ненадоместлива материјална штета која се состои пред се во неможност на доверителот да ги остварува своите права. На овој начин со ваквите дејствија должникот му го повредува на доверителот правото на заштитената трговска марка и му нанесува **ненадоместлива материјална штета,** што е и крајната цел на должникот – да ги доведе во заблуда просечните потрошувачи за видот на услугите, потеклото на производителот и услугите и слично, како и настанување на **нематеријална штета,** која се состои во намалување и губење на деловниот углед на тужителот -доверител на начин што создава и забуна кај потрошувачите. Исто така доверителот трпи нематеријална штета која произлегува и од лошиот квалитет на производите кои ги нуди во прометот должникот, од причина што должникот не ја поседува потребната технологија за нивно нудење, кое пак нешто директно се одразува врз добриот углед кој доверителот го стекнато.

Губењето на деловниот углед особено се рефлектира кај доверителот, на начин што должникот преку регистрацијата и активното постоење на интернет на домеин името www.electrolux.com.mk и преку него нудењето на услуги и поизводи кои го носат тровското име на доверителот иако по својот квалитет се далеку зад квалитетот на производите и услугите на означени со тровското име и трговските марки на должникот. Понатаму користејќи го добропознатото име се рекламира и промовира себеси, своите производи со можност врз основа на тоа рекламирање да заинтересира купувачи и да склучува договори со потенцијални потрошувачи со што му нанесува штета на тужителот - доверителот, која без приваремена мерка тешко ќе може да се надомести.

Со оглед дека се исполнети условите од член **55** од Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриуската сопственост (сл. весник 39/2006**)** за

определување на привремена мерка, му предлагам на Насловниот суд да го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за привремена мерка

1. СЕ **УСВОЈУВА** предлогот за привремена мерка на тужителот во целост

2. **СЕ ЗАБРАНУВА** користење на домеинот www.electrolux.com.mk **,** негова промоција и нудење на услуги преку него од страна на тужениот и

3. СЕ ВРШИ деактивација на домеинот www.electrolux.com.mk **,** од серверите на кои е поставен.

3. Оваа привремена мерка да трае до истекот на 15 дена по правосилното завршување на спорот, а ќе се изврши преку МК-ДНС службата при МАРНЕТ поточно од страна вработените во Стручната служба на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, организациона единица - Униерзитетски компјутерски центар.

5. Трошоците за привремената мерка да се сметаат како процедурални трошоци на спорот.

За тужитсл - полномошник
Др. В. П. Адвокат